РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
ПРИМЕНО - E PRANUAR
на / me 05-07-2021 год. / viti

**ДО:**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ул.Македонија бр.5**
**1000 Скопје**

Согласно член 62 од Законот за судскиот совет на РСМ (Сл. Весник на Република Северна Македонија 102/2019), го поднесувам следното

# БАРАЊЕ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА

**ОД:**
**РИСТЕ ЉУБОТЕНСКИ од Штип, ул.Ванчо Прќе бр.Д-2/А9, со ЕМБГ 3003955490002**
**e-mail: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, како Основач на друштвото:**
**ВИНАРСКА визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Ген.Михајло Апостолски бр.7-3, со ЕМБС 5096847**

**Против судијата:**

1. **Сузана Здравева, судија во Апелационен Суд Штип**, родена 26.05.1963 во Штип, со адреса и место на живеење ул. АСНОМ бр. 15, 2000 Штип

Согласно Член 75 од Законот за судовите (Сл. весник на РМ бр. 58/2006 ... Сл. Весник на РМ бр. 150/2010) за направена повреда со **Нестручно и несовесно вршење на судиската функција**

**ЗАТОА ШТО:**

Како Претседател на совет на Апелациониот суд Штип покажала незадоволителна стручност или несовесност, решавајќи по тужбата на тужителот Владислав Михајлович Втулкин од Москва –Руска Федерација, против тужените винарска визба „Имако Вино " Дооел од Штип и трговско друштво за трговија, производство и услуги „ИМАКО" ДОО увоз-извоз Штип, за надомест на штета, вредност 1.915.458 евра, а по жалбата на тужените, против пресудата на Основен суд Штип бр. П4.78/15 од 18.01.2016 година, на седницата одржана на ден 03.06.2021 година, донела пресуда **ГЖ-205/21 од 03.06.2021** при што во текот на одлучувањето на жалбената постапка **систематски постапувала нестручно и несовесно** што влијаело на квалитетот на работењето согласно член 75, став 1 од следните алинеи :

- Намерно повредување на правилата за правично судење преку злоупотреба на доказните правила
- Злоупотребување на положбата или пречекорување на службените овластувања
- Пристрасно водење на судската постапка особено во однос на еднаквиот третман на странките

**И ги превзела следните дејствија на сторување на повредата:**

I. **Спротивно на законските одредби од Законот за парнична постапка, член 336 врска член 236**, во пресудата ГЖ-205/21 на страна 2, пасус 4 каде образложението гласи:

*Неосновани се жалбените наводи за тоа дека првостепениот суд не ја применил одредбата од чл. 366 ст.1. од ЗПП, односно дека не постапил по укажувањата на Апелациониот суд Штип, дадени во решението ГЖ.бр. 535/15 од 13.10.2015 година. Првостепениот суд ги презел дејствијата на кои што овој суд му укажал во наведеното решение но одлуката за тужбеното барање ја донел по сопствено убедување и врз основа на доказите кои што првостепениот суд сметал дека се од влијание за одлучување во предметот.*

Крајно несовесно и малициозно **судијата Сузана Здравева во пресудата ГЖ-205/21 изнесува ЛАЖЕН ФАКТ**, бидејќи видно од списите на предметот ГЖ-535/15 од 13.10.2015 на страна 3 пасус



Р. Љ

2, истиот овој Апелационен Суд Штип, но со друг судечки совет, по одлучувањето на жалбата на тужените против пресудата бр. П4-40/14 од 30.01.2015 на Основен Суд Штип **му укажува на првостепениот суд да ги изведе повторно сите докази .... како и Извештајот за констатирана состојба на економско правното биро Компанија НМ Скопје од 10.10.2013 и да утврди „дали претставува вештачење и дали истото е во согласност со чл. 236 од ЗПП“**
Видно од повторената пресуда на првостепениот суд со бр. П4-78/15 на страна 8 каде првостепениот судија Солтир Ташков се повикува на горе-наведеното укажувањето побарано во пресудата ГЖ-535/15 **никаде не превземал дејствие, ниту реферирал и воопшто не е утврдил дали наведниот Извештај за констатирана состојба е согласно член. 236 од ЗПП** кој гласи ***„Вештачењето го вршат вештаци запишани во регистарот на вештаци.“***

*II.* Систематски постапувајќи нестручно, несовесно и малициозно судијата Сузана Здравева продолжува на истата страна 2, пасус 3 и пасус 4 **спротивно на член 236 од Законот за парнична постапка** каде образложението во пресудата ГЖ-205/21 гласи:

*Жалбените наводи по однос на тоа дека извештајот за констатирана состојба не е вештачење и дека истиот не може да се користи како вештачење во предметот беа предмет на оценка на овој суд но истите не се прифатени од причини што извештајот за констатирана состојба е изготвен во постапка за обезбедување на докази по барање на сега тужителот и врз основа на решение донесено од првостепениот суд.*
*Извештајот е изготвен од стручни лица врз основа на непосреден увид во документацијата на тужениот, па бидејќи тој извештај е изготвен по налог на судот во постапка за обезбедување на докази* ***и од вештаци – стручни лица кои што судот ги определил****, тој извештај може да послужи за утврдување на фактичката состојба во овој предмет.*

Несовесноста при постапувањето на судијата е елаборирано преку (не)превземаните дејствија и искористување на службената положба како судија која е овластена да изведува докази, да утврдува факти од докази во доказната постапка, а преку злоупотреба на доказните правила во наведата пресуда судијата Сузана Здравева **ИЗНЕСУВА ЛАЖЕН ФАКТ, затоа што:**

a. **Утврдува дека т.н. Извештај за констатирана состојба е изготвен по налог на судот во постапка за обезбедување на докази**

Видно од целокупните списи на сите предмети на тужителот Владислав Михајлович Втулкин преку неговиот законски застапник адвокатско друштво Јаниќевиќ против тужените друштва „ИМАКО ВИНО“ Дооел и „ИМАКО“ Доо **НИКАДЕ НЕМА НАЛОГ НА СУД ДА СЕ ИЗГОТВИ Извештај за констатирана состојба, односно доказот на кој се повикува судијата е непостоечки.**

Согласно член 64 од Законот за судскиот совет – Прибавување податоци и докази **комисијата која го разгледува барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија** да го прибави доказот на кој се повикува судијата Сузана Здравева, односно да се лоцира НАЛОГ НА СУД ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА КОНСТИРАНА СОСТОЈБА ОД КОМПАНИЈА НМ СКОПЈЕ, уште повеќе што Извештајот не е во форма на вешт наод и мислење, уште повеќе што изготвителот потпишан на Извештајот , извесна Надица Младеновска – Крцкоска воопшто никогаш не била вешто лице и не е била запишана во Регистар на вештаци.

b. **Утврдува дека извештајот е изготвен *„.... и од вештаци – стручни лица кои што судот ги определил“***

Како судијата Сузана Здравева, како Претседател на судскиот совет со други двајца судии Кирчо Донев – известител и Мирјанка Гоцевска Стефановска – го утврдиле овој факт? Дали воопшто го погледнале Извештајот на кој е основана погрешно утврдената фактичка состојба уште на првостепениот суд?

Согласно член 64 од Законот за судскиот совет – Прибавување податоци и докази **комисијата која го разгледува барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија** да го прибави доказот на кој се повикува судијата Сузана Здравева, односно да се цени Извештајот



P. N.

за констатирана состојба и дали Извештајот е изготвен од вештаци – стручни лица како факт кој е изнесен во пресудата на судијата Сузана Здравева?

Видно од самиот Извештај за констатирана состојба:

-извештајот е изготвен од страна на друштвото Економско правно биро Компанија НМ со архивски број 247/13 од 10.10.2013 потпишан од лицето управител Надица Младеновска-Крцкоска. **Согласно член 22 став 1 од Законот за вештачење (Сл. Весник на РМ 115/2010), Министерството за правда води Регистар на вештаци со издадени, одземени, продолжени и лиценци кои престанале.**

**<u>Согласно Одговор на барање бр. 08-1749/2 од 21.06.2021 од Министерство за правда, лицето Надица Младеновска-Крцкоска никогаш не е била евидентирана како вешто лице во Регистар на вештаци.</u>**

**ДОКАЗ: Одговор на барање од Министерство за правда бр. 08-1749/2 од 21.06.2021**

Согласно истиот член 22 став 2, „*Регистарот се доставува секоја година до крајот на март до судовите во Република Македонија и до Комората за вештаци*"

**Судијата Сузана Здравева несовесно и нестручно – воопшто не го проверила фактот во доказот дали лицето кое го изготвила Извештајот е вешто лице и покрај тоа што Регистарот на вештаци и е достапен во судот, а наспроти тоа во пресудата, со намера на странско физичко лице да му овозможи против-правна имотна корист од над 2 милиона евра, а на тужените да им нанесе штета, изнела ЛАЖЕН ФАКТ и на тоа го основала образложението.**

Постојат и други повреди кои недвосмислено укажуваат на тоа дека судијата несовесно и нестручно постапил во текот на ценењето на доказот Извештај за констатирана состојба, меѓу кои:

- Извештајот не е во форма на Вешт наод и мислење – веројатно судијата во периодот во кој работи како судија на подрачјето на Основен Суд/Апелационен суд Штип од 1996-2021 има видено како треба да изгледа Вешт наод и мислење – што укажува повеќе на пристраност и малициозност на судијата отколку на нестручност и несовесност

- Извештајот НЕ Е НАСЛОВЕН ДО СУД туку ЗА: Г-дин Владислав Втулкин

- Извештајот не го содржи бројот на Налогот на судот, ниту пак за кој суд станува збор, ниту пак кажува како баш тој суд определил лицето Надица Младеновска-Крцкоска кое не е вешто лице, баш таа да го изготви извештајот – а судијата го изнесува како таков лажен факт во пресудата ГЖ-205/21 ***„.... и од вештаци – стручни лица кои што судот ги определил"***

-Извештајот наведува приватни исправи писма, кој не претставуваат веродостојна сметководствена документација по Правилникот за водење сметководство и особено Меѓунардодните стандарди за финансиско известување (МСФИ) чија примена е задолжителна во Република Северна Македонија, а во Извештајот таквите писма формираат побарување од безмалку 1.7 милиона евра

- На страна 3,4 и 5 од Извештајот се наведуваат ексел табели на уплати и царински извозни декларации на ФИРМИ (правни лица) со кои тужените тековно работеле и истите тие уплати на трети правни лица, во Извештајот се прикажани како лични вложувања на тужителот (физичко лице). Иронично, тужителот успева да го доведе првостепениот и второстепениот суд до заблуда дека финската државна фирма АЛТИА ОИ, производител на реномираната водка Финландиа, со која тужените тековно работеле и имале уплати и извозни декларации дека претставуваат износи за надомест на штета и лично вложување на тужителот како физичко лице.



Р. Ку

Извештајот за констатирана состојба од Компанија НМ се наоѓа во судските списи по предметот, но доколку Комисијата на Судскиот совет сака да го погледне Извештајот, истиот се наоѓа објавен и на http://www.obidzakrazbana2milionaevra.mk/dokumentacija-po-predmet/ точка 1.1.

c. **Судијата во пресудата ГЖ-205/21, на страна 2, пасус 5 се повикува на постапка за обезбедување на докази.**

Согласно член 64 од Законот за судскиот совет – Прибавување податоци и докази **комисијата која го разгледува барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија** да го прибави доказот на кој се повикува судијата, односно списите на *„постапка за обезбедување на докази"*.

**Решение за постапка за обезбедување на докази НЕМА**. Доколку судијата се повикува на Решение ВПП бр. 15/13 од Основен суд Штип кое е делумно усвоено истото е донесено по член 212 од ЗТД – Увид во документација. **Судијата несовесно и нестручно, се повикува на постапка за обезбедување на докази, а не кажува која е таа постапка со цел да се утврдат фактите од истата.**

И покрај тоа, во Записниот за увид во документација – лицата кои се наведени да вршат увид Климент Стојановски и Зоран Младеновски – **исто не се вешти лица и никогаш не се биле евидентирани во Регистарот на вештаци.**

**ДОКАЗ: Одговор на барање од Министерство за правда бр. 08-1749/2 од 21.06.2021**

**ДОКАЗ: Вешт наод и мислење од вешто лице Антонио Георгиев бр. В-005/2021 од 29.06.2021**

Овие лажни факти кои ги изнесува судијата Сузана Здравева во пресудата ГЖ-205/21 освен тоа што покажува **крајна нестручност и несовесност**, покренува и можност за кривична одговорност на судијата по член 353 од Казнениот законик за Злоупотреба на службената положба – да приватна исправа Извештај за констатирана состојба, кој воопшто не претставува јавна исправа – а уште помалку вешт наод и мислење **му даде доказна сила на вешт наод и мислење изготвен од вешти лица,** кој се појавува како единствен доказ на тужителот во целокупната постапка за утврдување на фактичката состојба за да прибави материјална корист на друго лице и да нанесе штета на тужените од огромни размери од скоро 2 милиона евра.

*III.* Понатаму, во пресудата ГЖ-205/21 на страна 3, пасус 6, судијата Сузана Здравева **крајно несовесно?** и нестручно?? утврдува **неоснованост на жалбениот приговор на застареност.**

Согласно член 64 од Законот за судскиот совет – Прибавување податоци и докази **комисијата која го разгледува барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија** да го прибави доказот на кој се повикува судијата, односно списите на предмет заведен со П-4 бр.40/14 од Основен Суд Штип, а посебно Записник од рочиште за усна главна расправа од 30.01.2015 и Пресуда П-4 бр. 40/14 од 30.01.2015.

На страна 7 од Пресуда П-4 бр.40/14, пасус 6 во образложението на пресудата гласи:

*Во м. април 2008 година веќе тужителот се заинтересирал за своите побарување, односно неизвршување на обврските на тужениот према него, па се обратил во адвокатската канцеларија Поленак , каде што била повикана и Софија Нацева која претходно ги правела докуемнтите за соработка помеѓу странките во овој спор.Тужителот веќе на ден*
*26.04.2013 година пуштил и кривична пријава против тужениот токму за оваа правна работа и тоа на ден 08.04.2013 година, а примена во Основното јавно обвинителство во Скоје на ден 26.04.2013 година.*
*Според овој суд и од цитираните законски одредби јасно произлегува дека тужителот сметано од 05 м. 2008 година веќе презел обврски за остварување на своето побарување, така да во пролетта 2013 година*



P. Ам

*веќе има поднесено и предлози за времена мерка забрана на располагање со имотот на тужениот,што се потврдува со решението на второстепениот суд за издадената врем ена мерка, и ако се има сето тоа во предвид значи дека не е поминат рокот од 5 години, како што бара чл. 365 од ЗОО.*
*И во чл. 377 од ЗОО е кажано дека застарувањето се прекинува со подигање на тужба и со секое друго доверителово дејствие преземено против должникот пред суд или пред друг надлежен орган, заради утврдување, обезбедување или остварување на побарувањето.*

**Злоупотребата на положбата и пречекорување на службените овластувања на судијата Сузана Здравева при несовесно или нестручно вршење на судиската функција по ова прашање ги има сите елементи на пристрасно водење на судската постапка во однос на (не)еднаквиот третман на странките.** Со цел да се усвои тужбеното барање на тужителот и да се отфрли жалбениот приговор на апсолутна застареност – судијата Сузана Здравева во пресудата ГЖ-205/21 на страна 3, пасус 6 во образложението:
*„Жалбените наводи по однос на тоа дека судот немал доволно причини зошто не го прифатил приговорот за застареност се оценети како неосновани, бидејќи првостепениот суд во својата одлука навел причини зошто не го прифатил тој приговор а самиот суд прифатил дека со дејствија преземени во 2008 година од страна на тужителот за реализирање на договорот од 2004 година настапил прекин на застареноста.“*

**Бидејќи сметањето на календарското време е општо-прифатен факт, кој не треба да се докажува, а пак уште повеќе не смее да биде предмет на одлука со слободно судиско убедување** се чини најголема **контрадикторност претставува ставот на судечкиот совет и на Претседателот на советот- судијата Сузана Здравева** кога ги одбиле во целост жалбените приговори на <u>апсолутна застареност</u> од 5 години. Имено, од било кој прикажан документ кој тужителот го изведува како доказ, а судиите го ценат како доказ во доказната постапка – било тоа дали е документ од 2004 година или документ од 04/05 месец 2008 година до поднесување на тужбеното барање за надомест на штета примено во ОС Штип на 12.10.2013 година (видно од списите на предметот) **не е јасно како судиите пресметале дека НЕ ПОМИНАЛ ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД ПОВЕЌЕ ОД 5 ГОДИНИ.**
Судијата Сузана Здравева во својство на Претседател на совет на Апелационен суд Штип по предмет ГЖ-205/21, приговорот за апсолутната застареност го одбива, односно застарувањето го прекинува *„со дејствија превземени во 2008 година“* (видно од првостепената пресуда П-4 бр.40/14 на страна 7 и прикажана погоре – дејствието е обраќање до адвокатска канцеларија Поленак).

**Согласно член 365 од Законот за облигациони односи на кој се повикува првостепениот суд во пресудата П-4 бр. 40/14, а судијата Сузана Здравева во второстепената пресуда ГЖ-205/21 го потврдува,**
*Побарувањето за надомест на штета....(2) Во секој случај ова побарување застарува за пет години од кога настанала штетата.*

**Односно член 377 од ЗОО на кој исто така се повикуваат првостепениот и второстепениот суд**
*Застарувањето се прекинува со подигање тужба и со секое друго доверителово дејствие преземено против должник <u>пред суд или пред друг надлежен орган</u> заради утврдување, обезбедување или остварување на побарувањето.*

Дали дејствието превземено во 2008 година (обраќање до адвокатска канцеларија Поленак) **е подигање на тужба?** Дали адвокатска канцеларија Поленак **е суд или друг надлежен орган?**

<u>Согласно член 64 од Законот за судскиот совет – Прибавување податоци и докази</u> **<u>комисијата која го разгледува барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија</u>** да го прибави податокот или доказот и да го испита фактот за адвокатска канцеларија Поленак дали е суд или надлежен орган, факт кој судијата Сузана Здравева го сметала за доверителово дејствије превземено во 2008 година со кое го отфрлила приговорот за застареност.

Согласно Централниот регистар на РСМ, адвокатско друштво Поленак Скопје, со ЕМБС 6174370 основано 27.12.2006 година има приоритетна дејност 69.10 – Адвокатски дејности.

**ДОКАЗ: Тековна состојба на Адвокатско друштво Поленак Скопје издадена од Централен регистар на РСМ бр. 0805-50/15502021005765 од 05.07.2021**

*IV.* Во пресудата ГЖ-205/21, судијата Сузана Здравева **спротивно на член 351 ст.2 и ст.3 од ЗПП** несовесно и нестручно постапува кога <u>не закажува седница за јавна расправа за</u>



P. M.

предмет со пресуда која веќе еднаш била укината, а посебно со оглед на фактот што согласно член 200 ст.4 од ЗПП настанал услов за прекин на постапката, со оглед на тоа што второ-туженото друштво престанало да постои односно било избришано од трговски регистар – за што второстепениот суд бил известен на 09.04.2021 година.

**ДОКАЗ: Решение од Централниот регистер на Република Северна Македонија бр. 30120160005665 од 29.03.2021 г.**

Согласно член 62, став 2 од Законот за судскиот совет, во прилог на Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија ги доставувам следните докази:

- ДОКАЗ: Одговор на барање од Министерство за правда бр. 08-1749/2 од 21.06.2021
- ДОКАЗ: Вешт наод и мислење од вешто лице Антонио Георгиев бр. В-005/2021 од 29.06.2021
- ДОКАЗ: Тековна состојба на Адвокатско друштво Поленак Скопје издадена од Централен регистар на РСМ бр. 0805-50/155020210057665 од 05.07.2021
-ДОКАЗ: Решение од Централниот регистер на Република Северна Македонија бр. 30120160005665 од 29.03.2021 г.

Согласно член 64, став 1 од Законот за судскиот совет, податоците и доказите кои се од интерес за утврдување на состојбата во врска со барањето, Комисијата може да ги добие од судските списи на предметите каде тужител се јавува Владислав Михаилович Втулкин, а тужени друштва „ИМАКО ВИНО“ Дооел и „ИМАКО“ Доо Штип.

Почитуван Претседател на Судскиот совет и членови на Судскиот совет, Ве замолувам Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судијата Сузана Здравева при Апелационен Суд Штип – да го разгледате, да формирате Комисија на известители и да ги прибавите податоците и доказите со кој се докажува основаноста на барањето.

За истиот судија Сузана Здравева, исто така има постапка за утврдување на одговорност за предмет во кој странка е БЕТОН А.Д. Штип, каде повторно судијата вршела дејствија спротивно на Законот.

За сите дополнителни информации, стоиме на располагање.

Подносител:

Р. Љуботенски

Ристе Љуботенски
ул.Ванчо Прќе бр.Д-2/А9, Штип